# Фонд за проширување на претпријатија 2

**Земја:** Регионално

**Број на проект:** 52255

**Деловен сектор:** Акционерски фондови

**Вид на инвестиција:** ПРИВАТЕН СЕКТОР

**Еколошка категорија:** FW

**Планиран датум за одобрување:** 10 Ноември 2021

**Статус:** Ревизија на концепт

**Објава на Резимето на проектот:**

## Опис на проектот:

Инвестиција во акционерски капитал до ЕУР 20 милиони и ко-инвестициска линија во корист на Фондот за проширување на претпријатијата 2 за Западен Балкан (Enterprise Expansion Fund II Western Balkans - ,,ENEF II" или ,,Фондот"), оддел на Платформата за проширување на претпријатијата и влијание (Enterprise Expansion and Impact Platform SA SICAV RAIF (,,Платформата"), резервен фонд за алтернативни инвестиции (,,RAIF") кој ќе биде регистриран во Луксембург и поддржан од Иновативната програма за развој на претпријатија на Западен Балкан ( Western Balkans Enterprise Development and Innovation Facility - WB EDIF или EDIF или ,,Програмата 2"). Фондот ќе обезбеди акционерски капитал, квази-акционерски капитал и различен вид на финансирање на долгови на растечките локални МСП и оние со среден обем на капитал во Албанија, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Северна Македонија и Србија. ЕБОР ќе служи како инвестициски советник на Фондот.

Платформата ќе продолжи со активностите на Фондот за проширување на претпријатијата, основан во 2014 година, и кој е управуван за инвестирање во 16 компании, до крајот на инвестицискиот период во Јули 2020 година.

## Цели на проектот

Да го пополни пазарниот јаз за акционерски, квази-акционерски и различен вид на кредитирање на долг за МСП и оние со среден капитал, на Западен Балкан, како и да обезбеди обемна пред и после инвестициска поддршка на компаниите во кои инвестира Фондот, вклучувајќи и идентификување и справување со еколошките, социјалните и управувачките ризици и можности.

## Влијание врз транзицијата

ETI 67

Фондот ќе придонесува кон ,,отпорен" квалитет на транзиција со зголемување на достапноста на акционерскиот капитал и квази-акционерскиот капитал како алтернативен извор на финансирање и на ,,конкурентен" квалитет на транзиција со поддршка на компаниите, каде што инвестира, во справување со еколошките, социјалните и управувачките ризици и можности, помеѓу другите форми на пост-инвестициска помош.

Заради ко-инвестициските ангажмани помеѓу Фондот и ЕБОР, влијанието на транзицијата од одделни проекти, ќе биде проценето од случај до случај, а можеби ќе бидат опфатени дополнителни квалитети на транзиција.

## Информација за клиентот

ФОНД ЗА ПРОШИРУВАЊЕ НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА 2

Фондот за проширување на претпријатијата 2 Западен Балкан, ќе биде поставен како оддел на Платформата (Enterprise Expansion and Impact Platform SA SICAV RAIF), резервна алтернатива на инвестицискиот фонд, кој ќе биде регистриран ви Луксембург, како корпорација (societe anonyme) и која ќе биде управувана од IQEQ, Алтернативен менаџер на инвестицискиот фонд, регулиран од Комисијата за надзор на финансискиот сектор (Commission de Surveillance du Secteur Financier). Минималната големина на одделот е планирана да биде ЕУР40 милиони, а максималната ЕУР 75 милиони. Првата трансакција се очекува во четвртиот квартал на 2021 година.

## Финансиско резиме на ЕБОР

ЕУР 20.000.000,00

ЕБОР е претплатена на класа А обични акции на Фондот (види подолу).

## Вкупна вредност на проектот

ЕУР 74.500.000,00

Фондот (ENEF II) ќе собере до ЕУР 75 милиони капитал од ЕБОР, ЕУ (Преку ЕИФ) и други развојни финансиски институции и инвеститори. Фондот ќе има две класи на обични акции: постара (класа А) за до ЕУР 47,5 милиони и подредена (класа Б) за до ЕУР 27.5 милиони. Класата Б акции ќе обезбеди првично покривање на ризикот на акциите од класа А и ќе биде претплатена на ЕИФ (во име на ЕК) и KfW.

## Еколошко и социјално резиме

Самата платформа се третира како проект на програмата и заради тоа не е категоризирана. Под-проектите ќе бидат категоризирани и проценети од случај до случај . Независните еколошки и социолошки студии ќе бидат реализирани тогаш кога ќе биде неопходно, со помош од надворешни консултанти, со цел во целост да се разберат сите еколошки и социјални слабости и ризици поврзани

со работењето на компанијата, како и да развијат и да се согласат со еколошкиот и социјалниот акционен план, согласно барањата. Процесот на проценка исто така ќе се користи за идентификување на можностите за еколошките и социјалните подобрувања и соодветните мерки на метрика за следење на имплементацијата на договорените мерки. Од компаниите ќе се бара да се усогласени со Барањата за работење на банката, вклучувајќи ги националните и ЕУ стандардите за екологија, здравје, безбедност и менаџирање на трудот, и да се обезбеди за Банката годишен еколошки извештај за проблематиката од областа на екологија, здравје и безбедност.

## Техничка соработка

Фондот ќе има придобивки од ЕУР 9 милиони техничка соработка обезбедена од ЕУ (ЕУР 7 милиони) и Италија (ЕУР 2 милиони) за потребите на а) пред-инвестициска поддршка, вклучувајќи систематски скрининг на еколошкиот, социјалниот и управувачкиот профил на компаниите каде што се инвестира и потенцијалните материјални области за подобрување, б) пост-инвестициска поддршка, вклучувајќи подобрување на имплементацијата на акционите планови кои покриваат материјали поврзани со еколошкиот, социјалниот и управувачкиот аспект, в) деловен развој и вработени, и г) покривање на трошоците за поставување.

## Дополнителни бенефити

Учеството на Банката како инвеститор, ко-инвеститор, и инвестициски советник е круцијална во обезбедување на успешност на Фондот. Ова е заради недостатокот на воспоставени средства на менаџерски фондови на целиот регион на Западен Балкан, како и ограничениот интерес на локалните финансиски институции во учеството на ваквите фондови. Обемното искуство и присуството во земјите каде што ЕБОР има резидентни канцеларии, дозволува привлекување на други инвеститори и структурирање на фонд кој може да го пополни јазот на пазарот и да се фокусира на испорака на еколошките, социјалните и управувачките влијанија и да прикаже резултати.

## Контакт информации за клиентот

Николај Ангелов
angelovn@ebrd.com
+44 20 4070 4429
ЕБОР
Уан Ексчејнџ Свер, ЕЦ2А 2ЈН, Лондон, Велика Британија

(EBRD, One Exchange Square, EC2A 2JN, London, the United Kingdom)

## Разбирање на транзицијата

Натамошни информации во врска со пристапот на ЕБОР кон влијанието врз транзицијата, може да се проверат тука.

## Деловни можности

За бизнис можности или набавки, контактирајте ја компанијата клиент.

За бизнис можности со ЕБОР (кои не се поврзани со набавка) контактирајте нé на:

Телефон: +44 20 7338 7168

Електронска адреса: projectenquiries@ebrd.com

За проектите на Банката со државниот сектор,  посетете ја веб страната Набавки на ЕБОР:

Телефон: +44 20 7338 6794

Електронска адреса: procurement@ebrd.com

## Општи прашања

За сите прашања околу проектите, можете да не контактирате преку онлајн Образецот за прашања за ЕБОР.

## Еколошки и социјални политики (ЕСП)

ЕСП и релевантните Барања за работење (БР) ги воспоставуваат практиките преку кои ЕБОР ги имплементира обврските за промовирање на „еколошки стабилен и одржлив развој”. ЕСП и БР вклучуваат специфични одредби за клиентите, кои треба да ги следат, заедно со применливите барања од локалните закони за јавно информирање и консултациите, како и воспоставување на механизми за жалба кои треба да ги добијат и да изнајдат решение за забелешките и поплаките на клиентите и засегнатите страни, особено за еколошкото и социјалното работење на клиентот и самиот проект. Пропорционално со природата и рамката на проектниот еколошки и социјален ризик и влијание, ЕБОР дополнително бара неговите клиенти да објават информации, согласно релевантните пракси, кои се поврзани со ризиците и влијанијата кои се појавуваат во проектите, да превземат разумни консултации со учесниците во проектот, и да ги разгледаат и да одговорат на поставените прашањата.

Повеќе информации за праксите на ЕБОР поврзани со оваа проблематика може да пронајдете тука.

## Интегритет и усогласеност

Канцеларијата на Главниот службеник за усогласеност (КГСУ) на ЕБОР, промовира добро владеење и обезбедува услови за имплементирање на највисоките стандарди на интегритет за сите активности на Банката, согласно најдобрите меѓународни пракси. Проверката на интегритетот се врши на сите клиенти на Банката, со цел да се обезбедат услови проектите да не претставуваат неприфатлив ризик за интегритетот или репутацијата на Банката. Банката верува дека идентификувањето и разрешувањето на проблемите во фазите на одобрување на проектот, се најефикасни средства за обезбедување на интегритетот на трансакциите на Банката. КГСУ игра клучна улога во овие заштитни напори, но помага и во мониторинг на ризиците поврзани со интегритетот на проектите во пост-инвестициската фаза.

КФСУ е одговорна и за испитување на обвинувањата за измама, корупција и лошо владение во проектите кои се финансирани од ЕБОР. Било кој во или вон Банката, кој се сомнева дека има измама или корупција, треба да достави писмена забелешка до канцеларијата на Главниот службеник за усогласеност, на електронска адреса на compliance@ebrd.com. Сите работи кои ќе бидат пријавени, ќе бидат обработени од страна на КФСУ и ќе следи соодветна активност. Сите пријави, вклучувајќи ги и анонимните, ќе бидат разгледани. Приговорите може да бидат поднесени на било кој јазик кој се користи во Банката или јазик во земјите каде Банката има свои канцеларии. Доставените информации мора да бидат за општа добра намера.

## Пристап до Политика на информации (ППИ)

ППИ пропишува како ЕБОР ги објавува информациите и се консултира со учесниците во проектот, со цел да промовира подобро спознавање и разбирање на стратегиите, политиките и проектите, следствено нивното стапување на сила од 1 јануари 2020 година. Ве молиме проверете на овој линк - Пристап до политики за информирање, за да дознаете кои информации се достапни на веб страната на ЕБОР.

Посебни барања за информации може да се доставаат преку Формуларот за прашања за ЕБОР.

## Независен механизам на приговори за проектот (НМПП)

Доколку справувањето со забелешките на клиентите или Банката, околу еколошките, социјалните и јавните објави на информации не се успешни (на пример, преку механизмите на жалба на ниво на клиент - проект или преку директна интеракција со менаџментот на Банката), поединците и организациите може да бараат нивните забелешки да се разгледаат преку релевантниот независен механизам на приговор за проекти на ЕБОР, креирани за оваа намена.

НМПП независно ги разгледува аспектите на Проектот кои се верува дека предизвикале (или има веројатност дека ќе предизвикаат) штета. Целта на механизмот е да поддржи дијалог помеѓу учесниците во Проектот во разрешување на аспектите од еколошки, социјални и јавни објави на информации; да определи дали Банката ги испочитувала еколошките и социјалните политики или одредбите кои се поврзани со проектот, во однос на Пристапот до политиките на информирање, и онаму каде што е релевантно, да се справи со било кои постоечки неусогласености со овие политики, истовремено спречувајќи идни неусогласувања со Банката.

Посетете ја веб страната Независен механизам за проектната отчетност (НМПО) за да дознаете повеќе за активностите и мандатот на истиот. Можете да поднесете барање за ревидирање или директно да го контактирате НМПО на електронската адреса ipam@ebrd.com  за да добиете упатства и повеќе информации за НМПО и за начинот на поднесување барање.